**20210650993**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

Врз основа на член 20 став 3 од Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Македонија“ бр. 71/06, 117/08, 148/09, 17/11, 24/13, 137/13, 41/14, 145/15, 55/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), министерот за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА СТРУКТУРАТА, ОРГАНИЗАЦИЈАТА И РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ИСПИТОТ ЗА СТРУЧНА ОСПОСОБЕНОСТ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува структурата, организацијата и реализацијата на испитот за стручна оспособеност.

Член 2

Испит за стручна оспособеност, ученикот го полага во установата за стручно образование и обука (во натамошниот текст: установата), во која ја завршил последната година на стручната оспособеност.

## II. СТРУКТУРА НА ИСПИТОТ ЗА СТРУЧНА ОСПОСОБЕНОСТ

Член 3

Испитот за стручна оспособеност се состои од два дела:
- проверка на стручно теоретски знаења и
- практична работа со одбрана.

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИСПИТОТ ЗА СТРУЧНА ОСПОСОБЕНОСТ

Член 4

Испитот за стручна оспособеност се полага пред комисија за полагање на испит за стручна оспособеност (во натамошниот текст: испитна комисија) во установата.

Член 5

За организација и реализација на испит за стручна оспособеност се формира испитна комисија.

Проверувањето и оценувањето на знаењата и способностите на учениците се врши интерно од страна на соодветна испитна комисија за проверка на стручно теоретски знаења и практична работа со одбрана.

Испитната комисија се формира на предлог на директорот на установата.

Испитната комисија е составена од претседател и двајца членови.

Административните работи на испитната комисија ги врши секретар назначен од директорот на установата.

Член 6

Од страна на испитната комисија се вршат следните работи:

- подготвување на полагањето на испитот за стручна оспособеност, согласно овој правилник;
- организирање на полагањето на испитот за стручна оспособеност и обезбедување услови за спроведување на испитот за стручна оспособеност;
- подготовка на испитен материјал;
- умножување на испитниот материјал и обезбедување на тајност на испитните материјали;
- прифаќање на пријавите на кандидатите за полагање на испитот за стручна оспособеност;
- евидентирање на пријавите на кандидатите кои полагаат прилагоден испит за стручна оспособеност;
- обезбедување на посебни услови за полагање на испитите за кандидатите кои полагаат прилагоден испит за стручна оспособеност, соодветно на потребите на секој кандидат;
- изготвување на распоред (список) на кандидатите по простории;
- определување на термините за полагање на испитот за стручна оспособеност;
- објавување на распоредот за сите испити;
- прегледување и оценување на двата дела од испитот на кандидатите;
- изготвување на список со резултатите на кандидатите;
- одлучување за оправданоста на задоцнетите пријави за испитот;
- одлучување по приговорите на кандидатите;
- одлучување за кандидатите кои го нарушиле испитниот ред и
- подготвување извештаи за резултатите од испитите.

Член 7

Претседателот на испитната комисија:

- ги води состаноците на испитната комисија,
- ги потпишува листите за ученици кои ги исполнуваат условите за полагање на испитот,
- го одобрува времето и местото на одржување на испитот и
- ја потпишува листата на положени, односно неположени ученици.

Член 8

Испитот за стручна оспособеност се полага во три испитна рока во текот на календарската година и тоа во јунски и августовски испитен рок и испитен рок што се спроведува за време на зимскиот распуст.

Установите, почетокот и крајот на испитните рокови ги објавуваат на огласната табла.

## IV. ПРИЈАВУВАЊЕ НА ИСПИТОТ ЗА СТРУЧНА ОСПОСОБЕНОСТ

Член 9

Пријавите за полагање на испитот за стручна оспособеност се поднесуваат до установата.

Ученикот кон пријавата приложува свидетелства за завршена прва и/или втора година на образованието, најдоцна 15 дена пред започнувањето на испитот.

На денот на полагање ученикот треба да приложи документ за идентификација.

Член 10

Испитната комисија ги прима пријавите за полагање на испитот за стручна оспособеност најдоцна 15 дена пред започнувањето на испитот.

Ако кандидатот од оправдани причини не го пријавил навреме испитот, од страна на Испитната комисија, врз основа на писмени докази за оправданоста на причините, може да му се овозможи да го пријави испитот најдоцна три дена пред почетокот на испитот.

Оправдани причини за ненавремено пријавување за полагање испит за стручна оспособеност можат да бидат:

- ученикот во тековната година се школувал во странство (доказ - нострифицирано свидетелство за завршена прва и/или втора година);
- во времето на пријавување ученикот бил болен (доказ - потврда од соодветна установа);
- пријавата била испратена по пошта и задоцнила или е изгубена (доказ - потврда за испратена препорачана пратка) и
- други причини со соодветни докази за кои од страна на испитната комисија ќе се утврди дека се оправдани.

## V. ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТОТ ЗА СТРУЧНА ОСПОСОБЕНОСТ

Член 11

Испитот за стручна оспособеност ученикот може да го полага во еден испитен рок само еднаш.

Член 12

Испитот за проверка на стручно – теоретскиот знаења се полага усно или писмено и трае најмногу до 60 минути.

Практичната работа со одбрана се изработува од областа на образовниот профил, односно врз основа на подрачја од испитната програма за практична работа за стручно оспособување.

Практичната работа со одбрана, претставува ученичка изработка/производ, услуга преку која изработка и одбрана се проверуваат, вреднуваат и оценуваат општите и стручни компетенции на ученикот за нивото на квалификацијата која ја стекнува.

Секој ученик сам ја избира практичната работа од листата на практичните задачи утврдена од страна на испитната комисија.

Листата на практичните задачи се објавува најмалку триесет дена пред полагањето на испитот.

Практичната работа од испитот за стручна оспособеност кандидатот ја изработува сам, а изработката трае најмногу три часа.

Практичната работа содржи извршување на конкретни задачи или извршување на еден дел од процесот на работа. Изведувањето на практичната работа ја следи предметниот наставник - менторот, кој може да биде консултиран од страна на ученикот за определени прашања.

Практичната работа се изведува во установата, во претпријатие или во занаетчиски дуќан.

Само членовите на испитната комисија може да поставуваат прашања на ученикот.

Доколку кандидатот не положи еден дел од испитот се упатува во наредниот испитен рок за полагање на тој дел од испитот.

## VI. ОЦЕНУВАЊЕ

Член 13

Минимумот за преодна оценка ги опфаќа најнеопходните знаења и способности кои ученикот треба да ги покаже на испитот.

Двата дела од завршниот испит се оценуваат одделно. Оценувањето се врши со оценките: одличен (5), многу добар (4), добар (3), доволен (2) и недоволен (1). Оценката недоволен (1) е негативна.

Ученикот кој за практичната работа е оценет со недоволен (1), повторно се упатува на изработка на практичната работа во следниот испитен рок.

Член 14

Резултатите од испитот за стручна оспособеност се објавуваат на огласната табла на установата од страна на испитната комисија, најдоцна три дена по завршувањето на полагањето.

Ученикот го положил испитот за стручна оспособеност, ако на двата дела добил позитивна оценка.

Член 15

Кандидатот доколку смета дека е направена грешка во оценувањето, може да поднесе приговор на оценката од испитот до Испитната комисија најдоцна три дена од денот на објавувањето на прелиминарните резултати.

Приговорот се разгледува од страна на комисијата најдоцна три дена од приемот на приговорот.

Ако комисијата од став 1 на овој член констатира дека е направена грешка, во тој случај дава нова оценка за што го информира кандидатот по писмен пат.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 16

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за структурата, организацијата и реализацијата на испитот за стручна оспособеност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/09).

Член 17

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-5065/1
18 март 2021 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
**Мила Царовска**, с.р.